Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 21 став 2 и член 22 став 2 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) и член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија” број 71/06, 117/08, 148/09, 17/11 и 24/13), министерот за образование и наука донесе наставна програма по ***технологија на изработка на облека*** за **III година**, текстилно-кожарска струка – образовен профил конфекциски компјутерски оператор за учениците во средното стручно образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА

III ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

Конфекциски компјутерски оператор

Скопје, 2013 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: конфекциски компјутерски оператор
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Трета

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 108 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот **технологија на изработка на облека**, ученикот стекнува знаења и се оспособува да:

- познава примена на меѓуфазно пеглање;
- опишува технолошки процес на доработка на облека;
- го толкува значењето на завршното пеглање:
- познава средства за работа;
- познава оперативна подготовка во индустријата за облека;
- планира производство;
- познава технолошка подготовка за производство на облека;
- прави анализа на даден модел на облека;
- познава примена на оперативниот и технолошкиот лист за производство;
- развива вештини за тимска работа и лична одговорност;
- ги чува и одржува средствата за работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по предметот **технологија на изработка на облека**, потребни се претходни знаења од наставните предмети: технологија на текстил и кожа, технологија на изработка на облека од II година, практична настава од II година и естетско обликување на облека од II година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. МЕЃУФАЗНО ПЕГЛАЊЕ ВО ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС НА ШИЕЊЕ	**10**	**Ученикот да:** • објаснува значење на меѓуфазно пеглање; • дефинира поим - меѓуфазното пеглање; • познава операции од меѓуфазно пеглање; • познава средства за меѓуфазно пеглање; • ги разликува средствата за работа според намената; • користи шаблони за меѓуфазно пеглање	• објаснување на улогата на меѓуфазното пеглање; • толкување на значењето на меѓуфазното пеглање; • посочување пример на операции за меѓуфазно пеглање; • истакнување на потребата од меѓуфазно пеглање; • прикажување шеми, слики од средства кои се користат за меѓуфазно пеглање; • демонстрирање операции кои спаѓаат во меѓуфазно пеглање	технолошки процес на шиење на облека практична настава естетско обликување на облека

2. ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕС НА ДОРАБОТКА НА ОБЛЕКА	**20**	• Ги наведува работните операции во завршно одделение по редослед на извршување; • познава подготовка на производот за завршно пеглање; • познава значење на завршно пеглање; • познава делови од преси и пегли; • познава средства кои се користат за завршно пеглање; • опишува начини на работа на средства за завршно пеглање; • знае нашивање на копчиња како посебна операција во доработката; • контролира завршен производ; • објаснува составување, сортирање, пакување и етикетирање на облеката; • објаснува специјална доработка на облеката	• објаснување на редоследот на извршување на работните активности во завршно одделение; • објаснување за важноста за подготовка на производот за завршно пеглање; • опишување промени кои настануваат во текот на завршното пеглање и ефектот кој се постигнува; • демонстрирање технички скици и слики од средствата за завршно пеглање; • објаснување на операција за нашивање на копчиња; • објаснување на ситуации каде има потреба од составување на облеката; • опишување и демонстрирање на контрола на завршен производ • ***<u>демонстрирање на:</u>*** • елементи според што се сортира облеката;	практична настава

			• пакување и етикетирање на облеката; • специјална доработка поткрепена со примери; • организирање посета во завршно одделение во конфекциска компанија.	
3. ОПЕРАТИВНА ПОДГОТОВКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОБЛЕКА	**35**	• Познава задачи на оперативната подготовка; • познава активности кои се преземаат во оперативната подготовка; • разликува планови за производство според обемот на содржината и временскиот период; • познава содржина на еден план; • познава сезонско планирање; • познава капацитет како производствена способност; • именува видови капацитети; • објаснува функција на терминирање на производството; • објаснува циклуси на производството; • дефинира поим калкулација во планирањето на производството;	• објаснување за оперативната подготовка како дел од техничката подготовка; • истакнување на потребата за добро планирање на производството; • презентирање на временските планови; • презентирање цртежи од сезонски календари; • објаснување за капацитетот како производствена способност; • објаснување на параметри од кои зависи капацитетот; • објаснување на улогата на капацитетот за планирање на производството; • определување на термини за производство за одредено количество производи;	практична настава организација на производство то

		• опишува функција во планирањето на производството; • ја објаснува потребата од планирање на материјалот за набавка; • ја објаснува содржината и потребата од издавање работен налог; • познава проследување на работниот налог;	• објаснување на калкулацијата; • определување цена на чинење; • демонстрирање на изработка на работен налог според одредени податоци и барања; • презентирање на работни налози набавени од различни конфекциски компании; • објаснување за видови следења и што се постигнува со нив; • согледување на бенефитот од оперативната подготовка.	
4. ТЕХНОЛОШКА ПОДГОТОВКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОБЛЕКА	**40**	• Познава задачи на технолошката подготовка; • познава редослед на активности во технолошката подготовка; • анализира модел за одредување на примена на соодветни средства за работа; • анализира изработен модел застапен во машката гердероба; • анализира изработен модел карактеристичен за женската гардероба; • објаснува значење за	• објаснување за технолошката подготовка како дел од техничката подготовка; • објаснува задачи за постигнување на целта на технолошката подготовка • објаснување како се анализира модел и поставување на податоците во табела; • демонстрирање на анализа на различни модели за одредување најсоодветни средства за работа;	

		изработката на планот на технолошките операции за работа; • познава поставеност на планот за монтажа; • познава избор на технолошки системи во индустријата за облека; • познава поставеност на системите за вградување на работни места; • објаснува значење на изработка на планот на технолошкиот процес; • наведува типови на работни места; • разликува работни места во производство на облека	• демонстрирање на изработка на план на операции за работа (оперативен лист) на практичен пример; • презентирање на изработените планови на операциите за работа; • демонстрирање планови за монтажа • објаснување за примената на системите за работа во зависност од предметот за работа и обемот на производството; • прикажување на шематски приказ за секој систем за работа и негови карактеристики; • презантирање шеми на најзастапените системи на вградување на работни места во индустријата за облека; • објаснување на изработка на планови на технолошкиот процес и нивно презентирање; • опишување на ознаки и карактеристики на различните типови на работни места; • демонстрирање на шематски	

			приказ на работни места; • организирање посета на конфекциска компанија за согледување на поставеноста на работните места и како е организирана работата во нив.	
5. УСЛОВИ ЗА ПРОДУКТИВНА РАБОТА	**3**	• Го толкува значењето на сигурноста на вработениот; • ги објаснува прописите за заштита при работа; • ги познава мерките за заштитата на работното место; • изготвува листа и да ги утврдува причините за појава на одредени ризици при производство; • ја познава примената на заштитни средства на работното место;	• објаснување на важноста за сигурноста на вработениот на работното место; • објаснување и дискусија на мерките за лична заштита; • објаснување и дискусија околу техничката заштита на работникот на работното место; • демонстрирање примери за лична и техничка заштита.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно со целите на наставниот предмет **технологија на изработка на облека,** наставникот применува современи интерактивни методи во зависност од тематската целина, односно наставната содржина, кои се засновани на предавање: презентација, демонстрација, цртање, набљудување, дискусија и др. Овие методи се користат со примена на фронтална и на индивидуална форма на работа, работа во групи и парови, проследени со користење на соодветни наставни средства и помагала.

Во текот на наставата, наставникот ги презема следниве активности: планира, презентира, објаснува, демонстрира, црта, дава упатства за работа, опишува, анализира, поставува прашања, споредува, ги користи претходно стекнатите знаења на ученикот, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, набљудување, споредување, прибележување, демонстрирање, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет **технологија на изработка на облека** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана училница, односно кабинет-училница, која е опремена со соодветните наставни средства. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини (во точка 4.1. од овој документ), опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување и утврдување, како и посета на конфекциски фабрики на трговските друштва од текстилната дејност и саеми за текстил и мода.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет **технологија на изработка на облека,** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната содржина се користи: графоскоп, компјутери, шеми, модни списанија и други наставни средства и помагала кои се предвидени според Нормативот за наставни средства и помагала.

За поуспешно совладување на целите на предметот, се користи соодветна литература и тоа: учебници и учебни помагала, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на ученикот се врши преку следење и вреднување на стекнатите знаења континуирано во текот на целата учебна година, усно, со проектни активности и преку тестови на знаења. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **технологија на изработка на облека** треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по **технологија на изработка на облека** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- технологија – конфекциска насока или конфекциско инженерство;
- технологија – текстилна насока или текстилно инженерство;
- технологија – насока дизајн и инженеринг на облеката.

Исто така, потребно е да имаат здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по **технологија на изработка на облека** *се* реализира во специјализирана училница која е опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил *конфекциски компјутерски оператор* и во конфекциските компании.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај, 2013 година

7.2. Состав на работната група:

1**.** Лепа Трпческа, раководител, советник во Центар за стручно образование и обука – Скопје;
2. Д-р Горан Дембовски, професор на Технолошко-металуршки факултет - Скопје;
3. Мара Арсова, дипл.инженер, наставник во СОУ „Ванчо Прке” – Виница
4. Милица Поповска, дипл.моден дизајнер, вработена во конфекција АД Единство - Струмица

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01.09.2013 година

Одобрил:
Зеќир Зеќири,директор

9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***технологија на изработка на облека*** за **III година**, текстилно-кожарска струка– образовен профил конфекциски компјутерски оператор за учениците во средното стручно образование, на предлог на Центарот за стручно образование и обука, ја донесе Министерот за образование и наука со бр.11-4797/3 на ден 15.11.2012 година

Министер

м-р Панче Кралев